АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-422/11
17.03 2021 год.viti
Скопје-Shkup

ПЗУ поликлиника на примарно ниво
ОНЕ ПОЛИКЛИНИК
IPSH Poliklinika e nivelit parësor
ONE POLIKLINIKË
Број/Numër 0307-10/21
______20_____ год./viti
ТЕТОВО / TETOVË

Врз основа на член 112 став 4 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19) и Одлуката за избор на најповолна понуда Бр.05-422/9 од 26.02.2021 година, на ден_________.2021 година се склучува

**ДОГОВОР**
**за јавна набавка на посебни услуги**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Абдуш Демири (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Приватна здравствена установа-Поликлиника на примарно ниво ОНЕ ПОЛИКЛИНИК Тетово,** со седиште на Видое Смилевски Бато бр. 1/1-3Тетово, застапувано од Управителот Али Емир Аркан (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е јавна набавка на посебни услуги – превентивни систематски здравствени прегледи на вработените на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија согласно техничките спецификации содржани во тендерската документација по Оглас бр.01/2021.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Цената за превентивен систематски здравствен преглед, по вработен, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **800,00 МКД** (осумстотини денари) и е дадена во Понудата на Носителот на набавката, која е составен дел на овој Договор.

Услугите предмет на набавка на овој договор не подлежат на плаќање ДДВ (Данокот на додадена вредност изнесува 0.00 денари).

Вкупната вредност на Договорот согласно Одлуката за јавна набавка бр.05-422/1 од 05.02.2021 година и Планот за јавни набавки за 2021 година не може да изнесува повеќе од **500.000,00 МКД** (петстотини илјади денари), без вклучен ДДВ.

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 4

Цената искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Здравствените прегледи треба да се спроведат на целата територија на Република Северна Македонија според листата на локации содржана во техничките спецификации, во обезбедени просторни услови за вршење на здравствена дејност согласно прописите од областа на здравствената заштита (на секоја локација согласно табелата), врз основа на однапред определена динамика, во временска рамка од максимум 1 (еден) месец од денот на склучување на договорот за јавна набавка.

Во случај на спреченост на поедини вработени да присуствуваат на здравствениот преглед во определениот термин, треба да им се овозможи дополнителен термин во просториите на овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, но во рамките на предвидената временска рамка за спроведување на здравствените прегледи.

Врз основа на извршените прегледи во согласност со Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените, (Сл.Весник на РМ бр.60/2013) Носителот на набавката треба да подготви Извештај за извршен систематски здравствен преглед со мислење за утврдената работоспособност на секој вработен поединечно, во два примерока, од кои едниот за потребите на Договорниот орган за евиденција во персоналните досиеја на вработените, а другиот во затворен плик со назнака лично за вработениот.

Извештаите треба да се подготват во рок од 10 дена од денот на завршување на здравствените прегледи.

## VII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Плаќањето на здравствените услуги ќе се изврши во рок од најмногу 15 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.

Фактурата мора да биде придружена со сумарен извештај за извршени здравствени прегледи со наведување на бројот на прегледани вработени по локација.

Начинот на плаќање е задолжителен за понудувачите. Сите понуди кои предвидуваат поинакви услови од утврдените во оваа точка ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

## VIII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Овој Договор стапува во сила на денот на потпишување на Договорот од двете договорни страни и важи за период од 3 месеци.

## IX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 8

За се она што не е уредено со овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## X. ВИША СИЛА

Член 9

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Договорните страни може да ги изменат и\или дополнат одредните од овој Договор само спогодбено со склучување на Анекс на Договорот доколку се исполнети условите согласно член 119 од Законот за јавните набавки.
Договорната страна која бара измени и\или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
Измените и дополнувања на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 11

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Граѓански Суд Скопје .

Член 12

За следење на реализацијата на овој договор,Договорниот орган го определува лицето Елизабета Мартиновска, вработена кај Договорниот орган, кој има задача по целосна реализација на договорот, да достави известување за реализиран договор до Одделението за јавни набавки.

Член 13

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Директор
Abdush Demiri

Носител на набавката
**Приватна здравствена установа-Поликлиника на примарно ниво ОНЕ ПОЛИКЛИНИК Тетово**

Управител
Ali Emin Arkan